




**ПОКЛОНЕНИЈА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО РИМ**

***Во текот на значајното четврто поклонение на гробот на свети Кирил во Рим, митрополитот Кирил, срдечно ги поздрави присутните и притоа меѓу другото, рече:***

*„Со најголем пиетет и длабока молитва вчера се поклонивме прсд гробот на свети Климент. Тој, заедио со своите соработници бил предвесник на духовна широчина и вистински екуменизам. Водеи од желбата ова поклонение да добие се’ пошироки размери и да му служи на екуменизмот, Светиот архиерејски синод на нашата Црква им се обрати со писмо на сите православни словенски цркви, оваа година да се направи заеднички молебен на гробот на свети Кирил. Тоа не се оствари, но ние веруваме дека во иднина и тоа ќе се прави”.*

Завршувајќи го својот говор, митрополитот Кирил му подари на кардиналот Вилебрандс фреска со ликот на свети Климент Римски (фреско-копија), чијшто оригинал е

изработен 1295 година и се наоѓа во црквата *„Св. Климент Охридски”* во Охрид. Тоа беше подарок од поглаварот на Македонската православна црква, архиепископот Доситеј и од Светиот архиерејски синод. На крајот на кардиналот Вилебрандс митрополитот Кирил му ја пренесе поканата од поглаварот на Македонската православна црква да ја посети Македонија.

Незаборавен ќе остане и приемот кај градоначалникот на Рим, каде што се водеа пријателски и срдечни разговори, а по завршувањето на разговорите на двете делегации им беа предадени спомен-плакети лично од градоначалникот, кој беше љубезен и на делегацијата и’ ги покажа сите знаменитости што се чуваат во Римската општина.

Потоа делегацијата беше примена од кардиналот Шепар во Конгрегацијата за вера, кадешто се водеа пријателски разговори. Во разговорот кардиналот Шепар рече:

*„Ако некогаш ми* се *пружи прилика, сакам да ја посетам Македонија, особено Охрид и вредните христијански светињи во него и околу него. Сакам да го видам Скопје, градот што толку многу настрада за време на катастрофалниот земјотрес Ја следам неговата интензивна изградба и се радувам што така брзо се обновува и изградува”.*





[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**